# ПРАШАЊА
# за полагање на писмен дел од стручниот испит за чувар во заштитено подрачје / Парк на природа Езерани
**I Група**

1. Со кој закон се регулира заштитата на природата во Република Македонија?

а) Закон за животната средина
б) Закон за заштита на природата
в)Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро

2. Со кој основен закон се регулира заштитата на Паркот на природата?

а) Закон за водите
б) Закон за животната средина
в) Закон за заштита на природата

3. Според Законот за заштита на природата која категорија на заштитено подрачје претставува Парк на природата ?

а) III категорија
б) I категорија
в) IV категорија

4. Непосредната заштита во Парк на природата се спроведува од страна на?

а) служба за информирање
б) служба за известување
в) чуварска служба

5. Согласно Законот за заштита на природата, заштитено подрачје Езерани претставува?

а) природно наследство
б ) природна реткост
в) парк на природата

6. Согласно Законот за заштита на природата парк на природата е?

а) просторно природно подрачје на копно или вода кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, со особени повеќекратни природни вредности, кое се воспоставува заради заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето.

б) подрачје каде што интеракцијата на луѓето со природата во текот на времето создала предел со значителни еклошки, биолошки, културни и други вредности, географски особености и има рекреативно, историско и научно значење;

в) подрачје кое поседува еден или повеќе изворни,ретки и карактеристични компоненти на природата (растителни,габни и животински видови и заедници,релјефни форми,хидролошки вредности и др.)

7. Парк на природата може да биде ?

а) геоморфолошки и хидролошки
б) ботанички, зоолошки и геолошки
в) ботанички, зоолошки, геолошки, геоморфолошки и хидролошки

8. План за управување со Парк на природата претставува документ кој содржи?

а) мерки и активности за заштита на природното наследство
б) дозволи за научно истражување
в) мислења за спроведување на проекти

9. Субјектот кој управува со Паркот на природа/ категорија IV, донесува план за управување со паркот на природата, по претходна согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на?

а) заштитата на природата
б) работите поврзани со економијата
в) работите поврзани со културното наследство

10. Со парк на природата се управува на начин со кој се обезбедува?

а) само заштита на природните подрачја од национално и меѓународно значење за културни, научни, воспитно-образовни и туристичко-рекреативни цели
б) само стабилност на еколошките процеси и разновидноста преку трајно зачувување на репрезентативните физичко-географски региони, биоценози, генетски ресурси и видови во автентична состојба
в) одржување на условите потребни за заштита на значајните видови,популации и заедници или физичко-географски карактеристики

11. Согласно Законот за заштита на природата во заштитено подрачје/ Парк на природата може да се воспостават следните зони?

а) зона за строга заштита и зона за активно управување
б) само зона за строга заштита
в) зона за строга заштита, зона за активно управување, зона за одржливо користење и заштитен појас

12. Во постапка за прогласување на парк на природата со засегнатите страни се организира и одржува?

а) јавна расправа
б) состаноци
в) трибини

13. Зоната за строга заштита претставува дел од Парк на природата во која се дозволени?

а) активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство

б) научно истражувачки активности доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето и мониторинг

в) изградба на инфраструктурни објекти

14. Во Зоната за активно управување со парк на природата дозволени се следните активности:

а) изградба на инфраструктурни објекти

б) изградба на населби

в) активности кои немаат негативно влијание врз заштита на Паркот на природа како што се рекреативни активности и еко туризам.

15. Заради остварување на заштитата на парк на природата субјектот кој управува со паркот на природата донесува?

а) планови за управување и годишни програми за заштита на природата

б) генерални урбанистички планови

в) детални урбанистички планови

16. Планот за управување со Парк на природата го донесува?

а) Субјектот кој управува

б) Министерство за шумарство и водостопанство

в) Министерството за животна средина и просторно планирање

17. Годишната програма за заштита на природата се донесува по претходно добиено мислење од?

а) Министерство за култура

б) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

в) Управа за животна средина во Министерство за животна средина и просторно планирање

18. Плановите за управување со заштитеното подрачје/парк на природата се донесуваат за период од?

а) десет години

б) пет години

в) осум години

19. Плановите за управување со заштитеното подрачје/парк на природата се донесуваат најдоцна во рок од?

а) пет години од денот на прогласувањето на заштитено подрачје/заштитен предел

б) две години од денот на прогласувањето на заштитено подрачје/заштитен предел

в) една година од денот на прогласувањето на заштитено подрачје/ заштитен предел

20. За категоријата парк на природата дали се донесува просторен план?

а)  по потреба се донесува просторен план
б)  се донесува просторен план
в) не се донесува просторен план

**ПРАШАЊА**
**за полагање на писмен  дел од стручниот испит за чувар**
**во заштитено подрачје**
**Парк на природата Езерани**
**II Група**

1. Непосредната заштита на заштитено подрачје /Парк на природа  се спроведува од страна на?

а) служба за информирање
б) служба за известување
в) чуварска служба

2. За чувар на заштитено подрачје може да се назначи лице кое има?

а) основно образование
б) висока стручна подготовка
в) средна стручна подготовка

3. Припадниците на чуварската служба при вршењето на службената должност носат?

а) службена униформа, опрема и палка за застанување
б) опрема
в) палка за застанување

4. Припадниците на чуварската служба при вршењето на службената должност својот идентитет го докажуваат со?

а)  лична карта

б) возачка дозвола
в) службена легитимација

5. Чуварот во заштитено подрачје /Парк на природа службената легитимација ја користи само при?

а) вршење на законските надлежности на чувар во заштитено подрачје/парк на природата
б) вршење на други надлежности кои се различни од законските надлежности на чувар во заштитено подрачје/парк на природата
в) вршење на активности надвор од границите на заштитено подрачје/парк на природата

6. Чуварот во заштитено подрачје/ Парк на природа службената легитимација?

а) не смее да ја дава на користење на други лица
б) смее да ја дава на користење на други лица
в) смее да ја дава на користење на трети лица

7. Непосредната заштита на заштитеното подрачје чуварската служба ја врши преку?

а) управување со финансискисте ресурси на заштитеното подрачје/парк на природата
б) издавање на дозволи и стручни мислења за користење на природните вредности
в) набљудување и следење на состојбата на растителните, габните и животинските видови, како и другите вредности на заштитеното подрачје; планирање, организирање и спроведување на поучни прошетки низ заштитено подрачје и надзор врз спроведувањето на дозволените активности во заштитеното подрачје

8. Во вршењето на службена должност припадниците на чуварската служба имаат право и должност меѓу другото?

а) да побараат лична карта или друга јавна исправа заради утврдување на идентитетот на лицата; да прегледаат багаж, како и превозно средство; привремено да го ограничат движењето на одредено подрачје; да наплатат мандатна казна; привремено да одземат противправно присвоен дел од живиот или неживиот свет, кои припаѓаат на заштитеното подрачје, како и средствата со кои е извршено присвојувањето; да побараат воспоставување на претходна состојба, односно да наредат спречување и отстранување на штетните последици и да поднесат прекршочна и кривична пријава
б) да управуват со финансиски средства на заштитеното подрачје/парк на природата
в) да издаваат дозволи и стручни мислења за користење на природните вредности

9. Согласно Законот за заштита на природата управувањето и заштитата на заштитено подрачје/ Парк на природа го врши?

а) субјектот кој е задолжен за управувањето со заштитен предел
б) Јавна установа - Национален парк
в) невладина организација

10. Субјектите управуваат интегрално со целото заштитено подрачје, а заради остварување на интегралното управување склучуваат спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со?

а) субјекти кои вршат дејност или активност во заштитеното подрачје и надвор од заштитеното подрачје
б) субјекти кои вршат дејност или активност надвор од заштитеното подрачје
в) субјекти кои вршат дејност или активност во заштитеното подрачје

11. Со кој закон се регулира заштитата на природата во Република Македонија?

а) Закон за заштита на природата
б) Закон за животната средина
в)Закон за заштита на Охридско, Преспанско и Дојранското Езеро

12. Со кој основен закон се регулира заштитата во заштитено подрачје/ Парк на природа ?

а) Закон за водите
б) Закон за животната средина
в) Закон за заштита на природата

13. Со заштитено подрачје/ Парк на природа управува субјект кој го именува и разрешува?

а) Владата на Република Македонија
б) Министерството за животна средина и просторно планирање
в) Министерството за шумарство и водостопанство

14. Согласно Законот за заштита на природата, Парк на природа е ?

а) подрачје каде што интеракцијата на луѓето со природата во текот на времето создала предел со значителни еклошки, биолошки, културни и други вредности, географски особености и има рекреативно, историско и научно значење;
б) подрачје кое поседува еден или повеќе изворни, ретки и карактеристични компоненти на природата (растителни, габни и животински видови и заедници, релјефни форми, хидролошки вредности и друго)
в) дел на природата со една или повеќе природни карактеристики и специфични, загрозени или ретки обележја, својства или форми

15. Парк на природа може да биде ?

а) геоморфолошки и хидролошки
б) ботанички, зоолошки и геолошки
в) ботанички, зоолошки, геолошки, геоморфолошки и хидролошки

16. Системот на заштитени подрачја се состои од?

а) заштитени подрачја

б) подрачја предложени за заштита
в) заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита

17. Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина се цели на?

а) закон за шуми
б) закон за пасишта
в) закон за животната средина

18. Согласно Законот за заштита на природата во заштитено подрачје/ Парк на природа може да се воспоставуваат:

а) зона за строга заштита, зона за активно управување, зона за одржливо користење и заштитен појас
б) само зона за строга заштита
в) зона за строга заштита и зона за активно управување

19. Орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата е?

а) Министерство за шумарство и водостопанство
б) Јавната установа - Националниот парк
в) Министерството за животна средина и просторно планирање

20. Орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата?

а) Управата за животна средина
б) Државен инспекторат за животна средина
в) Просторен информативен систем

**ПРАШАЊА**
**за полагање на писмен дел од стручниот испит за чувар во заштитено подрачје**
**Парк на природата Езерани**
**III Група**

1. Системот на заштитени подрачја се состои од?

а) заштитени подрачја
б) подрачја предложени за заштита
в) заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита

2. Непосредната заштита на заштитено подрачје/Парк на природа се спроведува од?

а) компании за обезбедување на имот
б) приватни лица
в) чуварска служба

3. Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од?

а) јавен интерес
б) приватен интерес
в) не се од интерес

4. Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина се цели на?

а) закон за шуми
б) закон за пасишта
в) закон за животната средина

5. Законот за управување со отпадот го уредува?

а) управување со отпадот, плановите и програмите за управување со отпад
б) управување со водите
в) управување со видовите

6. Со кој основен закон се регулира заштитата во Паркот на природа ?

а) Закон за водите
б) Закон за животната средина
в) Закон за заштита на природата

7. Цели на Законот за водите се?

а) заштита, зачувување и подобрување на водите
б) управување со почвите

в) управување и подобрување на квалитетот на воздухот

8. Условите и начинот на одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови е уредено со?

а) закон за пасишта
б) закон за водите
в) закон за јавна чистота

9. Согласно Законот за заштита на природата во заштитено подрачје/ Парк на природа може да се воспостават следните зони?

а) зона за строга заштита и зона за активно управување
б) само зона за строга заштита
в) зона за строга заштита, зона за активно управување, зона за одржливо користење и заштитен појас

10. Планирањето, управувањето, одгледувањето, заштитата, користењето на шумите, чувањето на шумите како природно богатство како и остварувањето на општокорисните функции на шумите се регулира со?

а) закон за шумите
б) закон за почви
в) закон за води

11. Согласно Законот за шумите во Република Македонија шумите се во?
а) само во државна сопственост
б) само во приватна сопственост
в) државна и приватна сопственост

12. Согласно Законот за заштита на природата, Парк на природата е?

а) подрачје каде што интеракцијата на луѓето со природата во текот на времето создала предел со значителни еклошки, биолошки, културни и други вредности, географски особености и има рекреативно, историско и научно значење;
б) подрачје кое поседува еден или повеќе изворни, ретки и карактеристични компоненти на природата (растителни, габни и животински видови и заедници, релјефни форми, хидролошки вредности и друго)
в) подрачје кое поседува еден или повеќе изворни,ретки и карактеристични компоненти на природата (растителни,габни и животински видови и заедници,релјефни форми,хидролошки вредности и др.)
13. Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Република Северна Македонија и уживаат посебна заштита согласно?

а) законот за шумите
б) законот за минерални суровини
в) законот за јавна чистота

14. Одгледување на шумите претставува?

а) промет на дрво и други шумски производи
б) одржување, нега, обнова, мелиорација и реконструкција на шуми и шикари,

замена на видови дрвја, збогатување на шумите со повредни видови дрвја и пошумување на голини и ерозивни земјишта

в) отстранување на целата шумска вегетација за пренамена на шумското земјиште

15. Санитарни сечи се оние сечи со кои од шумата се отстрануваат?

а) само оштетени, заболени и суви стебла со цел спречување на натамошно ширење на штетното влијание

б) сите стебла на одредена површина

в) не се отстрануваат стебла

16. Шумскостопанска единица е составена од?

а) оддели и пододдели

б) само оддели

в) само пододдели

17. Со кој закон се регулира заштитата на природата во Република Македонија?

а) Закон за животната средина

б) Закон за заштита на природата

в) Закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро

18. Според Законот за заштита на природата која категорија на заштитено подрачје претставува парк на природата Езерани ?

а) III категорија

б) I категорија

в) IV категорија

19. Управување, унапредување и користење на пасиштата во државна сопственост е регулирано со?

а) закон за води

б) закон за јавна чистота

в) закон за пасиштата

20. Чуварот во заштитено подрачје/Парк на природата, службената легитимација?

а) не смее да ја дава на користење на други лица

б) смее да ја дава на користење на други лица

в) смее да ја дава на користење на трети лица